# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 106 год. LXVII 4 август 2011, четврток Цената на овој број е 260 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2506. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за знамињата на единиците на Армијата на Република Македонија............................................ | 3 |
| 2507. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока....................... | 6 |
| 2508. | **Уредба** за методологија за утврдување на критериумите за распределба на наменските дотации во културата во 2012 година...................................... | 7 |
| 2509. | **Уредба** за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2012 година.............................. | 8 |
| 2510. | **Уредба** за методологијата за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2012 година............................. | 9 |
| 2511. | **Исправка** на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп...................... | 10 |
| 2512. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за храна и ветеринарство.. | 13 |
| 2513. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство................... | 13 |
| 2514. | **Одлука** за давање на користење на недвижна ствар на општина Ранковце.. | 13 |
| 2515. | **Одлука** за давање на користење на недвижна ствар на општина Ранковце.. | 13 |
| 2516. | **Одлука** за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца-детска градинка „Детска Академија Поинт“ во Гостивар.............................. | 14 |
| 2517. | **Одлука** за воведување на мерка за заштита на пазарот на пченица и брашно, со врзување на количините на увоз на пченица и брашно, со откуп на пченица произведена во Република Македонија.. | 15 |
| 2518. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за локална самоуправа... | 15 |
| 2519. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за транспорт и врски...... | 15 |
| 2520. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство................... | 16 |
| 2521. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство................... | 16 |
| 2522. | **Одлука** за утврдување на геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија.................... | 16 |
| 2523. | **Одлука** за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Веселата дружина“ во Скопје................................................ | 17 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2524. | **Одлука** за продажба на движни ствари - моторни возила.................... | 20 |
| 2525. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука..................................................... | 33 |
| 2526. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 51 |
| 2527. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 52 |
| 2528. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 53 |
| 2529. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 54 |
| 2530. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 55 |
| 2531. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие Македонијапат.. | 56 |
| 2532. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Виш управен суд.................................... | 57 |
| 2533. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за образование и наука.. | 58 |
| 2534. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија........ | 59 |
| 2535. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност “Silver Sheild“ во Германија................. | 60 |
| 2536. | **Одлука** за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовната активност „Предизвик 2011“................ | 61 |
| 2537. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност “Logical Decision 2011“ во Република Унгарија................................................. | 62 |
| 2538. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот................................................ | 63 |
| 2539. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за локална самоуправа... | 64 |
| 2540. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација..... | 64 |
| 2541. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за економија........ | 64 |
| 2542. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за здравство......... | 64 |
| 2543. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за култура... | 65 |
| 2544. | **Решение** за именување претседател и членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права...................................................... | 65 |
| 2545. | **Правилник** за видовите на биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи и примеси во биостимулаторите (*)................................. | 65 |
| 2546. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на употреба на податоците на етикетата на производите од грозје и вино (*)............................................. | 66 |
| 2547. | **Правилник** за изменување на Правилникот за радио опрема и телекомуникациска терминална опрема......... | 68 |
| 2548. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и за начинот на водење евиденција за спроведената едукација................................ | 68 |
| 2549. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и за начинот на водење евиденција за спроведената едукација............................... | 72 |
| 2550. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и за начинот на водење евиденција за спроведената едукација................................ | 75 |
| 2551. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведена едукација.................................. | 78 |
| 2552. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец јули 2011 година............. | 80 |
| | **Огласен дел..........................................** | **1-64** |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2506.**

Врз основа на член 45 став 4 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08 и 51/11), претседателот на Република Македонија донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗНАМИЊАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уредбата за знамињата на единиците на Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/00 и 106/06), во член 1 ставот 2 се менува и гласи:

„Воени знамиња имаат Генералштабот на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Генералштабот), потчинетите команди на Генералштабот и единиците на Армијата на Република Македонија во ранг на полк и бригада, баталјон и чета.“

Член 2

Во членот 3 и во член 11 во ставот 1, по зборовите „одликувањата на“, се додаваат зборовите „Генералштабот, потчинетите команди на Генералштабот и.“

Член 3

Во член 4 во ставовите 1, 4 и 5, во член 5 во ставот 1, во член 7 во ставовите 2, 3 и 5 и во член 9 во ставот 1, по зборовите „воените знамиња на“, се додаваат зборовите „Генералштабот, потчинетите команди на Генералштабот и.“

Во член 4 став 1, во алинејата 1, по зборовите „военото знаме на“, се додаваат зборовите „Генералштабот, потчинетите команди на Генералштабот и.“

Член 4

Во член 6 ставот 1 се менува и гласи:

„На платното на воените знамиња на Генералштабот, потчинетите команди на Генералштабот и единиците во ранг полк-бригада се претставени грбот на Република Македонија, ознаката и нивниот формациски назив.“

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Ознаката на Генералштабот во форма на круг е извезена на другиот горен агол, од двете страни на платното, на 200 мм од горниот и страничниот раб на платното, со конец во златно жолта боја, со дијаметар од 250 мм.“

„Ознаката на потчинетите команди на Генералштабот во форма на круг е извезена на другиот горен агол, од двете страни на платното, на 200 мм од горниот и страничниот раб на платното, со конец во златно жолта боја, со дијаметар од 250 мм.“

Ставовите 3 и 4, стануваат ставови 5 и 6.

Член 5

Во членот 10, зборовите „од број 2 до 10“, се заменуваат со зборовите „од број 2 до 12.“

Член 6

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1398
3 август 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**Прилог бр. 11**

## Платно за военото знаме на Генералштабот



**Прилог бр. 12**

# Платно за воеността знаме на потчинетите команди на Генералштабот



**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2507.**

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија” број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија на седницата,одржана на 30.7.2011 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБА, ДИСТРИБУЦИЈА И РЕВИЗИЈА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА**

Член 1

Во Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока („Службен весник на Република Македонија“ бр.) во членот 3 ставот 4 се менува и гласи:

“(4) Одредени ЕКМТ дозволи можат да имаат територијално ограничувања за одделни држави. Овие дозволи имаат црвен печат со прецртана ознака на земјата во која не можат да се користат.”

Член 2

Во член 14 во ставот 2 зборот “транспортер” се заменува со зборот “превозник”.

Член 3

Членот 15 се менува и гласи:

(1) Превозникот секоја година од 10 до 15-ти октомври во тековната година до Министерството за транспорт и врски, преку електронскиот систем поднесува барање за утврдување на План за распределба за наредната година.

(2) Барањето за утврдување на План за распределба содржи податоци за:

- дата на отпочнување со вршење на дејност,
- потребен број на ЕКМТ дозволи , по видови и еуро стандард,
- ознака за изработка на Поединечен План од член 14 став 2,
- поле за забелешки.

(3) Ако превозникот во рок од став (1) од овој член не поднесе барање по електронски пат за утврдување на План за распределба, на истиот не му се утврдува План за распределба.

(4) Во случаите од став (3) на овој член превозникот може да поднесе барање за утврдување на План за распределба при утврдување на План за распределба за наредната година.

Член 4

Во член 16 ставовите 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

(1) Поединечниот план од член 14 став (2) од оваа уредба содржи податоци за 50% од правилно искористени поединечни транспортни дозволи по квоти заклучно со 31.10. во годината на поднесувањe на барањето.

(2) Поединечниот план, Ранг листата за ефикасно користење на ЕКМТ дозволите и Ранг листата на превозници се јавни и најдоцна до 20 ноември во тековната година се објавуваат на интернет страницата на Министерството за транспорт и врски.

(3) Превозникот во рок од осум дена од денот на објавувањето на Поединечниот план, Ранг листата за ефикасно користење на ЕКМТ дозволите и Ранг листата на превозници, по електронски пат може да даде забелешки за извршената прелиминарна распределба.

Член 5

Членот 17 се менува и гласи:

(1) Превозникот го известува Министерството за транспорт и врски за сите промени на податоците евидентирани во базата на превозници која се води во Министерството за транспорт и врски, пропишани за утврдување на Планот за распределба, односно за негова контрола, во рок од петнаесет дена од настанатата промена, а не подоцна од 9.10 во тековната година ,ден пред определениот рок за поднесување на барање дефиниран во член 15 став 1 од Уредбата.

(2) Точноста на податоците од став (1) на овој член се проверува врз основа на евиденцијата што се води во Министерството за транспорт и врски и други надлежни органи за соодветен вид на податок, кој е пропишан како критериум за утврдување на План за распределба.

Член 6

Во член 18 во ставот 1 по зборот “евиденцијата” се додаваат зборовите “во базата на превозници”.

Член 7

Во член 19 во ставот 1 точките 3,4 и 5 се бришат.

Во ставот 3 се додава нова реченица која гласи:

„Влечно возило без возач не се бодира.”

Член 8

Во член 22 во ставот 4 се додава нова реченица која гласи:

„(4) Ранг листата на превозници се надополнува во текот на периодот од една до друга годишна електронска распределба со податоци за набавени возила со соодветни еуро стандарди, кои се евидентирани во базата на превозници. “

Член 9

Во член 27 ставот 1 се менува и гласи:

„ (1 ) На превозник кој преку електронскиот систем поднесува барање со ознака за изработка на Поединечен План од член 14 став 2 на оваа уредба, кој правилно ги искористил поединечните транспортни дозволи заклучно со 31.10 во тековната година, автоматски му се резервираат 50% од бројот на вратени поединечни транспортни дозволи. “

Член 10

Во член 30 во ставот 2 се додава нова реченица која гласи:

„ (2) Ранг листа за доделување на ист вид на ЕКМТ дозвола се формира врз основа на остварени просечни бодови по возила како услов за ефикасно работење и учество во распределба на ЕКМТ дозволи.”

Член 11

Во член 31 во ставот 3 зборовите „ (РФ ) " се заменуваат со зборовите „ (Р )", а по зборовите „Република Италија" се додаваат зборовите „ и Република Унгарија (У)".

Во ставот 4 по зборовите „Руската Федерација" зборот „ (РФ )" се брише и се додаваат зборовите „ (Р ) и за Република Унгарија (У )".

Член 12

Во член 37 во ставот 5 по зборот „договори" се додаваат зборовите „ (ЦМР-товарен лист)".

Член 13

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-3448/1
30 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2508.**

Врз основа на член 45 став 2 алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7. 2011 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ВО КУЛТУРАТА ВО 2012 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменските дотации во културата, по општини и Градот Скопје во 2012 година.

Член 2

Со Буџетот на Република Македонија за 2012 година во раздел 18010, Програма А2-пренесување на надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, на ставка 442, се утврдува наменска дотација за пренесените надлежности во културата.

Член 3

Средствата утврдени во членот 2 од оваа уредба, наменски се распределуваат на општините, за пренесените надлежности од областа на културата.

Член 4

Распределбата на средствата за наменски дотации во 2012 година ќе се врши според следниот критериум:

- трошоци за реализирање на дејностите од областа на културата според вкупната површината на објектите во кои се сместени локалните установи во општината.

Распределбата на средствата од наменската дотација се врши според формулата:

$$НДК = \sum ТДКо \qquad каде \quad о = 1,2,..... ,x$$

$$ТДКо = (ТДК1 + ТДК2 + ТДК3)$$

$$ТДК1= СДк1/ВПОлуо$$

$$ТДк2=СД\ К2/ ВПОлуо$$

$$ТДК3=СД\ К3/ ВПОлуо$$

НДК – вкупна наменска дотација за култура

ТДКо-трошоци за дејноста култура за општина

х – број на општини што се финансираат со наменски дотации

ТДК1 - трошоци за дејноста на локалните установи од областа на библиотекарството

ТДК2 - трошоци за дејноста на локалните установи од областа на музичката и сценско-уметничката дејност

ТДК3 -трошоци за дејноста на локалните установи од областа на музејската дејност

СДК1-средства за дејноста на локалните установи од областа на библиотекарството

СДК2- средства за дејноста на локалните установи од областа на музичката и сценско уметничката дејност

СДК3- средства за дејноста на локалните установи од областа музејската дејност

ВПОлу-вкупна површина на објектите во кои се сместени локалните установи од областа на културата во општината.

Член 6

Министерството за култура ќе ги преведува средствата за наменски дотации за пренесените надлежности од областа на културата, на општините и на Градот Скопје, по динамика во договор со Министерството за финансии, согласно со Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Бр. 51-3498/1
30 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2509.**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7. 2011 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2012 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата, по општините и Градот Скопје во 2012 година.

Член 2

Согласно со Буџетот на Република Македонија за 2012 година финансирање на пренесените надлежности од областа на културата ќе се врши во раздел 18010, Подпрограма А2 - пренесување на надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, на ставка 443, преку блок дотации.

Член 3

Средствата утврдени во членот 2 од оваа уредба, наменски се распределуваат на општините и на Градот Скопје, за пренесените надлежности од областа на културата.

Член 4

Распределбата на средствата за блок дотации во 2012 година ќе се врши според следните критериуми:

- број на вработени во локалните установи од областа на културата по општини
- трошоци за реализирање на дејностите од областа на културата според вкупната површина на објектите во кои се сместени локалните установи во општината
- реализирање на дејностите од областа на културата

Распределбата на средствата од блок дотацијата за културата по општини се врши според формулата:

БДК = ∑ БДо каде о = 1,2,..... ,x

БДо = Тбпо + ТДКо

Тбпо = (М x ∑ Ибплуо)

ТДКо = (ТДК1 + ТДК2 + ТДК3) + ∑ ТДКЛЗо

ТДК1= СДк1/ВПОлуо

ТДк2=СД К2/ ВПОлуо

ТДК3=СД К3/ ВПОлуо

ТДКЛЗо = ИСДК / БО

БДК – вкупна блок дотација за култура

z – број на општини што се финансираат со блок дотации

БДо – вкупна блок дотација за општина

Тбпо – трошоци за бруто плати за вработените во општината

ТДКо –трошоци за дејноста култура за општината

М – број на месеци во годината во кои општината ќе се финансира со блок дотации

Ибплуо – износ за бруто плати за вработените во локалните установи од областа на културата во општината (Платите во установите од областа на културата се определуваат согласно Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Македонија бр. 41/05 и 35/06) и Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност склучена помеѓу Министерството за култура и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, и според Колективните договори склучени на ниво на работодавец во установите од областа на културата ).

ТДК1 - трошоци за дејноста на локалните установи од областа на библиотекарството

ТДК2 - трошоци за дејноста на локалните установи од областа на музичката и сценско-уметничката дејност

ТДК3 - трошоци за дејноста на локалните установи од областа на музејската дејност

СДК1-средства за дејноста на локалните установи од областа на библиотекарството

СДК2- средства за дејноста на локалните установи од областа на музичката и сценско уметничката дејност

СДК3- средства за дејноста на локалните установи од областа музејската дејност

ВПОлу-вкупна површина на објектите во кои се сместени локалните установи од областа на културата во општината

ТДКЛЗо - трошоци за дејноста култура од јавен интерес од локално значење во општините во кои нема национални и локални установи од областа на културата

ИСДК – износ на средствата за дејноста култура во општините во кои нема локални установи од областа на културата

БО – број на општини во кои нема национални и локални установи од областа на културата.

Член 5

Средствата за блок дотации за пренесените надлежности од областа на културата ќе се насочуваат по општини и Градот Скопје од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за култура по динамика договорена со Министерството за финансии.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Бр. 51-3499/1
30 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2510.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04 и 81/07) и член 10 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), а во врска со член 44 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.07.2011 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА ПЛАТИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2012 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици (во натамошниот текст: ТППЕ) за 2012 година, по општини.

### Член 2

Средствата за плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ се утврдуваат во Буџетот на Република Македонија за 2012 година, во раздел 06001 – Министерство за внатрешни работи, Програма А – Децентрализација, Потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа.

### Член 3

Средствата од членот 2 од оваа уредба се распределуваат по општини, согласно следните критериуми:

- број на вработени во ТППЕ согласно бројот на склучени спогодби за преземање во надлежност на Градот Скопје и општините и
- износ на основни плати и додатоци на плати по вработен во ТППЕ, согласно закон.

### Член 4

Распределбата на средствата од членот 2 од оваа уредба по општини, се врши преку Министерството за внатрешни работи.

### Член 5

Остатокот од средствата по исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на месечно ниво, се пренесува во наредниот месец.

**Член 6**

Остатокот од средствата по исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на 31.12.2012 година, Министерството за финансии го враќа во Буџетот на Република Македонија.

**Член 7**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Бр. 51-3860/1
30 јули 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**2511.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување и давање под закуп, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2011, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**

**НА УРЕДБАТА ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП**

Кон Уредбата во табеларниот преглед Прилог 1 „Табеларен преглед на минимални почетни цени по метар квадратен по кои се оттуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање", во делот на почетната цена на оттуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија, во графата А - индивидуално домување, во секој реон и зона под графата индивидуално домување треба да стои: „61,00 денар" (Прилог: Табела).

Бр. 51-3959/2
3 август 2011 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

**2512.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.8.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и престанува користењето на движната ствар моторно патничко возило, марка Опел, тип Вектра ГЛ, со број на мотор X18XE120K83281, број на шасија WOLOJBF19Y1016753, година на производство 1999, сила на моторот во KW (KS) 85, работна зафатнина на моторот во cm3 1799, број на седиште 5, боја на возило 7ф металик светла сива и со регистарски таблици број SK-671-JF.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 3

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и руралниот развој склучува договор со директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1646/1
1 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2513.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011),Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.8.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

„Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и престанува користењето на движна ствар моторно патничко возило, марка Фолсфаген, тип Пасат, со број на мотор AVG133825, број на шасија WVWZZZ3BZYE236068, година на производство 1999, сила на моторот во KW (KS) 81, работна зафатнина на моторот во cm3 1896, број на седиште 5, боја на возило 74 црвена и со регистарски таблици број SK-746-TF.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и руралниот развој склучува договор со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1883/1
1 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2514.**

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.08/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.8.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Член 1

Со оваа одлука на Општина Ранковце и се дава на користење, недвижна ствар на КП бр.5172 во површина од 185м2 земјиште под зграда и 500м2 земјиште покрај зграда-двориште заведени во Имотен лист број 969 во КО Ранковци, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење,без надомест, на општина Ранковце.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” .

Бр. 51-2495/1
1 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2515.**

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.8.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Ранковце и се дава на користење, недвижна ствар дел од зграда-канцеларија на КП бр.5296 во површина од 21м2, заведена во Имотен лист бр.427 во КО Ранковци, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на општина Ранковце.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” .

Бр. 51-2495/2 Заменик на претседателот
1 август 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2516.**

Врз основа на член 77 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009, 156/2009 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „ДЕТСКА АКАДЕМИЈА ПОИНТ“ ВО ГОСТИВАР**

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „ Детска Академија Поинт “ во Гостивар на ул. „Кеј Вардар“ бр. 115.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука се дава врз основа на поднесеното барање од лицето Арјета Алиу од Гостивар, со адреса на живеење на ул.„Бањица“ бр.45 Гостивар.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како дејност ќе се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од две до шест години живот, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста .

Член 5

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 6

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе биде сместена во деловен објект во Гостивар на улица „Кеј Вардар“ бр. 115, со вкупна површина од 280,41 м2.

Член 7

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е околу 30 деца на возраст од две до шест години и ќе бидат распоредени во две згрижувачко – воспитни групи, сообразно на бројот на децата утврдени со Законот за заштита на децата.

Член 8

Програмата за вршење на дејноста е соодветна на Основите на Програмата за воспитно - образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки која се остварува во јавните установи за деца – детски градинки во Република Македонија.

Член 9

Јазикот на кој ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо согласно Законот за заштита на децата.

Член 10

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за труд и социјална политика и уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 11

Средствата потребни за работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3650/1 Заменик на претседателот
30 јули 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2517.**

Врз основа на член 46, став 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКА ЗА ЗАШТИТА НА ПАЗАРОТ НА ПЧЕНИЦА И БРАШНО, СО ВРЗУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИТЕ НА УВОЗ НА ПЧЕНИЦА И БРАШНО, СО ОТКУП НА ПЧЕНИЦА ПРОИЗВЕДЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се воведува посебна мерка за заштита на пазарот на меркантилна пченица и брашно од пченица, со врзување на дозволените количини на увоз на меркантилна пченица и брашно од пченица, со откуп на количини меркантилна пченица произведени во Република Македонија, а заради надминување на опасноста од сериозни нарушувања на пазарот и загрозување на целите на националната земјоделска политика.

Член 2

Увозот на меркантилна пченица се поврзува со извршен откуп на пченица од род 2011 година од домашно производство, со право на увоз на 1 килограм на 3 килограми извршен откуп.

Увозот на брашно од пченица се поврзува со извршен откуп на пченица од род 2011 година од домашно производство, со право на увоз на 1 килограм на 4 килограми извршен откуп.

Член 3

Државниот инспекторат за земјоделство ќе врши постојана контрола и евиденција на откупените количини на пченица и преглед од истата редовно ќе доставува до Царинската управа на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува до 1.10.2011 година.

Бр. 51-3715/1
30 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2518.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за локална самоуправа, бр. 07-1861/3 од 7.7.2011 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-3762/1
30 јули 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**2519.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за транспорт и врски, бр.07-1864/3 од 8.7.2011 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-3763/1
30 јули 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**2520.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство бр.07-1855/3 од 6.07.2011 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 51-3765/1 Претседател на Владата
30 јули 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**2521.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство бр. 07-1854/3 од 6.7.2011 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-3766/1 Претседател на Владата
30 јули 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**2522.**

Врз основа на член 8 став 1 алинеја 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/2010 и 51/2011) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија се утврдуваат работите за 3 (три) димензионално снимање на фасади за објектите: зграда на Министерство за транспорти врски, зграда Ибни пајко (до Министерство за транспорт и врски), зграда на Министерство за правда, згради на Плоштад Македонија (Стоковна куќа Типо или Сити Галери, Метропол, ЕВН Македонија, МЕПСО), згради по должина (од двете страни) на улица Македонија - од Плоштад Македонија до Стара Железничка станица, згради по должина (од двете страни) на улица Никола Вапцаров - од Плоштад Македонија до постојка на таксисти наспроти Министерство за правда, згради по должина (од двете страни) на улица Максим Горки - од Плоштад Македонија до вкрстување со бул. Васил Главинов, згради по должина (од двете страни) на улица Димитрија Чуповски – потег од Собрание на Република Македонија до Трговски Центар Палома Бјанка и згради по должина (од двете страни) на булевар Илинденска – потег од Влада на Република Македонија до Градски Парк (зграда МЦМ).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3962/1 Претседател на Владата
30 јули 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**2523.**

Врз основа на член 77 став 1 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.07.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕСЕЛАТА ДРУЖИНА" ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Веселата дружина " во Скопје на ул. „Копачка " бр. 10.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука се дава врз основа на поднесеното барање од Друштвото за производство, трговија и услуги Марвин Винарија ДООЕЛ Скопје, со ЕДБС 4030900028459, со седиште на ул. „Дренак" бб, Скопје.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како дејност ќе се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско - рекреативни, културно – забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од две до шест години живот, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста .

**Член 5**

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

**Член 6**

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе биде сместена во деловен објект во Скопје на улица „Копачка " бр. 10, со вкупна површина од 252,76 м2.

**Член 7**

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е околу 50 деца на возраст од две до шест години и ќе бидат распоредени во четири згрижувачко – воспитни групи, сообразно на бројот на децата утврдени со Законот за заштита на децата.

**Член 8**

Програмата за вршење на дејноста е соодветна на Основите на програмата за воспитно - образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки која се остварува во јавите установи за деца – детски градинки во Република Македонија.

**Член 9**

Јазикот на кој ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е македонски јазик и неговото кирилско писмо согласно Законот за заштита на децата.

**Член 10**

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за труд и социјална политика и уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 11**

Средствата потребни за работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ги обезбедува основачот.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3465/1
30 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2524.**

Врз основа на член 58 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија", бр.8/05 и 150/07) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.07.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - МОТОРНИ ВОЗИЛА**

Член 1

Со оваа одлука се врши продажба на движни ствари - моторни возила, сопственост на Република Македонија, што ги користела Владата на Република Македонија - Служба за општи и заеднички работи и други органи на државната управа и тоа:

1. Марка BMW, тип 730 I, регистарска ознака SK 671-SB, број на шасија WBAGA81070DA24412, број на мотор 306GA-40230266, година на производство 1992, сила на мотор 138, работна зафатнина 2896, поминати километри 226,945;

Почетна цена: 120.000,00 ден.

2. Марка MERCEDES, тип 350 SD, со регистарска ознака SK 071-AA, број на шасија WDB1401341A208105, број на мотор 60397112011568, година на производство 1994, сила на мотор 110, работна зафатнина 3499, поминати километри 293,753;

Почетна цена: 150.000,00 ден.

3. Марка OPEL KADET, тип 1.6 D, без регистарска ознака, број на шасија WOL00034H2626166, број на мотор 16DA145201972, година на производство 1987; вон употрба,

Почетна цена: 18.000,00 ден.

4. Марка AUDI, тип A-6 QUATRO, со регистарска ознака SK 026-AA, број на шасија WAUZZZ4AZTN002297, број на мотор ABC147484, година на производство 1995, сила на мотор 110, работна зафатнина 2598, поминати километри 395,920;

Почетна цена: 120.000,00 ден.

5. Марка OPEL KADET, тип 1.3, без регистарска ознака, број на шасија, WOL000033K, број на мотор 13NB190089, вон употреба,

Почетна цена: 18.000,00 ден.

6. Марка ZASTAVA, тип 128 GL, со регистарска ознака ŠT 691-OT, број на шсија, 5097518, број на мотор,1393094, година на производство 1986, вон употреба,

~~Почетна цена: 6.000,00 ден.~~

7. Марка LADA, тип SAMARA 1300, со регистарска ознака KU 284-BJco број на шасија 210900L0698200, број на мотор, 07105569, година на производство 1990, вон употреба,

Почетна цена: 9.000,00 ден.

8. Марка LADA, тип RIVA 1300, со регистарска ознака, SK 409-NH, број на шасија, TA210720K0467436, број на мотор, 735571, година на производство, 1989, вон употреба,

Почетна цена: 9.0000,00 ден.

9. Марка CITROEN, тип GS SUPER, со регистарска ознака OH 825-HL, број на шаисја, 10710537, број на мотор, 819012822, година на производство, 1979, вон употреба,

Почетна цена: 6.000,00 ден.

10. Marka ZASTAVA, tip 101 GTI, so registarska oznaka, SK 996-EE, broj na {asija, 0788764, broj na motor, 8697728, година на производство, 1984, вон употреба,

Почетна цена: 5.000,00 ден.

11. Marka LAND ROVER, tin DISCOVERY 2,5 TDI, со регистарска ознака SK 797-OD, број на шасија SALLJGMF8TA182654, број мотор 18L15024A, година на производство 1995, вон употреба,

Почетна цена: 12 0.000,00 ден.

12. Марка LAND ROVER, тип XT, со регистарска ознака SK 542-IO, број на шасија SALLTGM9BXA90098, број на мотор 10P08254A, година на производтсво 1999,

Почетна цена: 240.000,00 ден.

13. Марка AUDI, тип A-4 1.8, со регистарска ознак SK 029-AA, број на шасија WAUZZZ8DZSA024614, број на мотор ADR016158, година на производтство 1995,

Почетна цена: 61.000,00 ден.

14. Марка FORD, тип ESKORT 1,8TD Karavan, со регистарска ознака SK 285-SS, број на шасија WFONXXBBANWA88949, број на мотор WA88949, година на производство 1999,

Почетна цена: 73.000,00 ден.

15. Марка PEUGEOT, тип 405, со регистарска ознака SK 670-SB, број на шасија VF315BDK270427723, број на мотор 1CW6N510448, година на ~~производство 1991,~~

Почетна цена:39.000,00 ден.

16. Марк FIAT, тип CROMA, со регистарска ознака SK 413-PD, број на шасија ZFA15400000284902, број на мотор 834B146/1067278, година на производство 1990,

Почетна цена:30.000,00 ден.

17. Марка VOLKSWAGEN, тип PASSAT, со регистарска ознака SK 415-PD, број на шасија WVWZZZ31ZME219079, број на мотор AAH012758, година на производство 1991,

Почетна цена: 48.000,00 ден.

18. Марка MERCEDES, тип 250 D, со регистарска ознака SK 048-AA, број на шасија WDB1241251A728669, број на мотор 60291210101557, година на производство1988,

Почетна цена: 79.000,00 ден.

19. Марка MERCEDES, тип 200 D, со регистарска ознака SK 047-AA, број на шасија WDB1241201A805129, број на мортор 60191210107261, година на производство 1988,

Почетна цена: 67.000,00 ден.

20. Марка FORD, тип ORION 1,6, со регистарска ознака SK 284-SS, број на шасија FOFXXGCAFMS55727, број на мотор MS55727, година на производство 1991, вон употреба,

Почетна цена: 42.000,00 ден.

21. Марка LAND ROVER, тип LD 110 DEFENDER, со регистарска ознака SK 794-MV, број на шасија SALLDHF88YA600423, број на мотор 10P/87305A, вон употреба,

Почетна цена:150.000,00 ден.

22. Марка TOYOTA, тип LANDCRUISER, со регистарска ознака SK 937-NE, број на шасија LJ72-0006363, број на мотор 3L/3903647, година на производство 1995, вон употреба,

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

1. За државен секретар во Министерството за здравство се именува Насуф Ипчија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-4041/1 Заменик на претседателот
30 јули 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2543.**

Врз основа на член 39-а од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

1. За државен секретар во Министерството за култура се именува Музафер Бислими.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-4040/1 Заменик на претседателот
30 јули 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2544.**

Врз основа на член 142 став 1 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.7.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

За претседател на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права се именува

- Проф. д-р. Родна Живковска, Правен факултет „Јустинијан Први“ –Скопје.

Член 2

За членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права се именуваат

- Проф. д-р Валентин Пепељугоски, Адвокатска канцеларија „Пепељугоски“ Скопје
- Асс. д-р Маја Камбовска, Фон Универзитет-Правен факултет, Скопје,
- Александар Михајловски, адвокат од Скопје
- Глигор Стојменов, дипломиран правник од Скопје.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-3021/1 Заменик на претседателот
30 јули 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2545.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07, 20/09 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ВИДОВИТЕ НА БИОСТИМУЛАТОРИ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА НОВИОТ БИОСТИМУЛАТОР ВО ОДРЕДЕН ВИД, НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА, СОДРЖИНАТА НА ФИЗИОЛОШКИ АКТИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ И ХРАНЛИВИ ЕЛЕМЕНТИ, МИНИМАЛНИ И МАКСИМАЛНИ КОЛИЧЕСТВА НА ФИЗИОЛОШКИ АКТИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ И ХРАНЛИВИ ЕЛЕМЕНТИ И ПРИМЕСИ ВО БИОСТИМУЛАТОРИТЕ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошки активните компонентии и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компонентии и хранливи елементи и примеси во биостимулаторите.

Член 2

Биостимулаторите се физиолошки активни органски материи со ниска содржина на хранливи елементи, од природно или синтетичко потекло (хормони, витамини, аминокиселини, хумусни киселини и сл.) збогатени со макро и микро елементи кои во соодветни услови имаат стимулативно дејство на поединечни физиолошко-биохемиски процеси во поединечни фази од развојот на растението.

Член 3

Во зависност од составот на елементите биостимулаторите се делат на :

1) Биостимулатори кои содржат макро елементи;

2) Биостимулатори кои содржат микро елементи и

3) Биостимулатори кои содржат макро-микро елементи.

Член 4

Класификацијата на новиот биостимулатор, се врши по поднесено барање до Фитосанитарна управа во кое се наведуваат податоците за:

- заштитното име на биостимулаторот;
- видот на новиот биостимулатор;
- производителот на биостимулаторот;
- називот и седиштето на биостимулаторот и
- стабилноста на ѓубрето (начин на пакување и складирање заради задржување на квалитетот ).

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува следната документација :

-извештај од овластената лабораторија;
- декларација на биостимулаторот и
- упатство за употреба издадено од производител на биостимулаторот.

Член 5

По спроведената класификација, новиот биостимулатор се означува со етикета која содржи ознака за:

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.889/2008 од 5 септември 2008 год. со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 834/2007 за органско производство и етикетирање на органските производиво однос на органското производство, етикетирање и контрола CELEX бр. 32008R0889.

- трајност (за задржување на трајност, биостимулатор се чува на температура до 40С);
- токсичност (влијание врз здравје на човекот, животните и пчелите);
- каренца (за биопрепарат) ;
- работна каренца;
- толеранција и
- вид на амбалажата.

Член 6

Новиот биостимулатор се идентификува според:

1) името на новиот биостимулатор;

2) типот на биостимулаторот;

3) составот на макро и микро хранливите елементи на биостимулаторот;

4) бруто и нето маса на задолжителните и незадолжителните макро и микро елемнти на новиот биостимулатор;

5) бројните вредности од аналитички методи;

6) утврдената ефикасност на биостимулаторот и

7) упатството за складирање и употреба на биостимулаторот.

Член 7

Минималните количества на физиолошки активните компоненти во биостимулатор се 150g/ml, додека максималните количества се до 200 g/ml, во зависност од развојните фенофази на растенијата.

Хранливите микро и макро елементи кои се додаваат заедно со биостимулаторот треба да бидат најмалку 10% од вкупните количини на биостимулатор за микро елементи, а најмногу до 50% од вкупните количини на биостимулаторот за макро елементи.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 17-262/7 јули 2011 година Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**2546.**

Врз основа на членот 53 став (3) од Законот за виното („Службен Весник на Република Македонија бр. 50/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ПОДАТОЦИТЕ НА ЕТИКЕТАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ГРОЗЈЕ И ВИНО (*)

Глава I: ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
Член 1

Со овој правилник се уредува формата, содржината и начинот на употреба на податоците на етикетата на производите од грозје и вино.

**Дефиниции**
Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

(1) Етикетата е збир од сите зборови, податоци, илустарции, марки или други ознаки истакнати на садот заради означување на виното ставено во промет. Етикетата не опфаќа податоци кои:

- Се однесууват на зафатнина или производителот на;
- Произлегуваат од системот за затворање или запечатување на садот;
- Се однесуваат на цената на производот;
- Го означуваат производот преку нумерички код или друг код за скенирање и
- произлегуваат од фискалните обврски на производителот.

(2) Произведувачот е физичко или правно лице кое го произвело виното и кое е запишано во Регистарот на производители на вино во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Полнач е физичко или правно лице кое врши полнење или пакување на виното во шишиња или садови како финален производ.

**Формата на етикетата**
Член 3

(1) Етикетата треба да биде во форма која не покрива повеќе од една третина од видното поле на садот и која е јасно забележлива за потрошувачите.

(2) Етикетата може да се сотсои од еден или повеќе делови.

Глава II: ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ

**Продажна ознака**
Член 4

Продажната ознака се однесува на категоријата на квалитет под која виното се става во промет.

Член 5

(1) Продажната ознака може да биде еднаква или пониска од квалитетот на виното утврден со решението за ставање на виното во промет од член 35 од Законот за виното со кој виното се става во промет.

(2) Продажната ознака се состои од зборовите:
- "трпезно вино " за трпезно вино;
- "регионално вино" (или трпезно вино со географски назив) за регионално вино;
- "вино со контролирано потекло " за вино со контролирано потекло и
- "вино со контролирано и гарантирано потекло" за со контролирано и гарантирано потекло вино.

(3) Продажната ознака може да се состои и од зборовите поврзани со:
- Видот на виното, согласно член 15 од овој правилник;
- Бојата на виното, согласно член 17 од овој правилник;
- Областа на потекло, во случај на вина со географски назив и
- Ознаката "географски назив" доколку виното со географски назив е запишан во регистарот на вина со заштитен географски назив и на корисници на географскиот назив.

**Номинално количество**
Член 6

Номиналното количество се назначува на етикетата со букви што се најмалку:
- 6 mm високи, ако номиналното количество е над 1.000 ml;
- 4 mm високи, ако номиналното количество е еднакво или помало од 1.000 ml, но не помало од 200 ml и
- 3 mm високи, ако номиналното количество е еднакво или помало од 200 ml.

**Вистинска алкохолна јачина во % волумен**
Член 7

(1) Вистинската јачина на алкохол по волумен се назначува на етикетата со букви што се најмалку:
- 5 mm високи, ако номиналното количество е над 1.000 ml;
- 3 mm високи, ако номиналното количество е еднакво или помало од 1.000 ml, но не помало од 200 ml и
- 2 mm високи, ако номиналното количество е еднакво или помало од 200 ml.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.607/2009 од 14 јули 2009 година за одредување на некои детални правила за примена на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 479/2008 во врска со заштитени ознаки за потекло и географски назив, традоционални изрази, етикетирање и презентација на одредени производи во секторот за вино

(2) Вистинска јачина на алкохол по волумен се назначува во процентуални единици или во полу-единици.

(3) Вистинска јачина на алкохол по волумен прикажана на етикетата неможе да се разликува за повеќе или помалку 0.5% вол. од вистинската јачина на алкохол по волумен која е утврдена со анализата на виното.

(4) По исклучок од став 3 на овој член, вистинската јачина алкохол по волумен на вината со ознака на годината на берба чувани во шишиња повеќе од 3 години, пенливи вина, газирани полупенливи вина, полупенливи вина, ликерски вина и презреани вина несмее да се разликува за повеке или помалку од 0.8% волумен од јачината која е дадена со анализата на виното.

(5) Бројката која означува вистинска јачина на алкохол треба да биде проследена со "% вол.", а предходно може да стои "вистинска јачина на алкохол", "вистинска алкохолна јачина" или "alc".

**Име и адресата на произведувачот или полначот**

Член 8

(1) Произведувачот се назначува на етикетата со зборовите "произведувач", "произведува" или "произведено од" дополнето со неговото име или назив на фирмата и неговата адреса.

(2) Полначот се назначува на етикетата со зборовите "полнач", "полни" или "полнето од" дополнета со неговото име или назив и неговата адреса.

(3) Во случај на полнење по договор, ознаката на полначот се дополнува со зборовите "полнето за". Во случај на садови што не се шишиња, зборот "полнач" или "полни", се заменуваат со зборовите "пакувач" или "пакува".

**Увезувач**

Член 9

Во случај на извоз на вино во ЕУ, увезувачот со неговото име или назив на фирма и неговата адреса, се назначува на етикетата, доколку виното се извезува во шишиња или садови со номинално количество еднакво или помало од 60 литри.

**Број на серија**

Член 10

Бројот на серијата се состои од податок или ознака што овозможува следење на производите најмалку врз основа на дневно полнење.

**Бројот на решението за ставање во промет**

Член 11

При ставање на вино во промет како задолжителен податок на етикетата е и бројот на решението за ставање на виното во промет согласно член 53 став (1) од Законот на виното.

**Име на назначената област на производство**

Член 12

Во случај на вина со ознака за потекло, назначената област на потекло на виното се назначува на етикетата согласно членот 40 од Законот на виното.

**Состојки**

Член 13

Етикетата на вино содржи и ознака "содржи сулфити" доколку виното содржи сулфити во концентрација поголема од 10 mg/litar изразено како SO2.

**Назначување на задолжителни податоци**

Член 14

(1) Задолжителните податоци се назначуваат на ист дел на етикетата и треба да бидат додадени со лесно читливи, неизбришливи букви што се доволно големи за да се забележат на позадината на која што се испечатени и лесно да се разликуваат од сите други пишани и графички податоци на етикетата.

(2) По исклучок на став 1 на овој член, задолжителните податоци за производителот, полначот, увезувачот, бројот на серијата и состојките може да се назначат надвор од делот на етикетата каде што се назначени другите задолжителни податоци.

## Глава III: ДРУГИ ПОДАТОЦИ ПО БАРАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ИЛИ УВЕЗУВАЧОТ

**Други податоци по барање на производителот или увезувачот**

Член 15

Етикетата на виното може да биде дополнета и со податоци за:

(а) видот на виното;

(б) трговската марка;

(в) бојата на виното;

(г) годината на берба;

(д) името на една или повеќе сорти на грозје;

(ѓ) награда, медал или признание од официјална одржана манифестација;

(е) ознаки во врска со средствата кои се користат за производство или методот за производство на виното и

(ж) други описни податоци од член 22 на овој правилник.

**Вид на вино**

Член 16

Видот на виното може да се означи на етикетата со следниве називи:

а) "суво" доколку содржината на резидуален шеќер на виното не е поголема од 4 грама по литер или 9 грама по литар доколку вкупната киселост изразена во грама винска киселина по литар не е поголема од 2 грама под содржината на резидуален шеќер;

б) "полу-суво" доколку содржината на резидуален шеќер на виното е поголема од максимумот поставен во точка (а) но не надминува 12 грами по литар;

в) "полуслатко" доколку содржината на резидуален шеќер на виното е поголема од максимумот поставен во точка (б) но не надминува 45 грами по литар и

г) "слатко" доколку содржината на резидуален шеќер на виното да биде најмалку 45 грами по литар.

**Трговски марки**

Член 17

Трговските марки не можат да содржат зборови, делови од зборови, знаци или илустрации кои може да предизвикаат забуна или погрешно да ги наведат лицата за кои се наменети.

**Боја**

Член 18

Бојата на вината може да биде црвена, розе или бела.

**Година на берба**

Член 19

Годината на берба може да се прикаже на етикетата на вината доколку,најмалку 85% од грозјето употребено за добивање на виното е набрано во таа година, не вклучувајќи шира за засладување.

**Сорти на грозје**

Член 20

(1) Доколку на етикетата се назначува само една сорта најмалку 85% од виното треба да биде произведено од таа сорта на грозје.Сортата на грозје треба да го одредува карактерот на виното.

(2) Доколку на етикетата се назначени две или три сорти на грозје,100% од виното треба да е произведено од тие сорти.Сортите на грозје треба да се назначени во опаѓачки редослед во однос на употребената количина и буквите треба да се со иста големина.

(3) Доколку на етикетата се назначени повеќе од три сорти на грозје,нивните имиња треба да се прикажат надвор од делот на етикетата каде се назначени задолжителните податоци со букви со големина до 3 мм.

**Награди и медали**

Член 21

Наградите и медалите кои се однесуваат на виното може да бидат прикажани на етикетата за вино со географска ознака, доколку тие награди и медали биле доделени на односната серија вино на официјална одржана манифестација.

**Дополнителни ознаки**

Член 22

(1) Етикетата на виното може да содржи дополнителни ознаки во врска со методот на производство.

(2) Следниве изрази можат да се назначат на етикетата на вино со географска ознака доколку се исполнети следниве барања:

- "Рачна берба", доколку бербата на грозјето се врши рачно, без примена на машина.
- "Зреано во буриња", доколку виното е зреано во дабови буриња.
- "Доцна берба", доколку бербата се врши напрезреано грозје.
- "Барик ", доколку виното е зреано во дабови буриња од 225 литри.
- "Одлежано на талог", доколку младото вино е одлежано на фин талог.
- "Изборна берба", доколку грозјето се избира во текот на бербата.
- "Избор на гроздови", доколку се врши одбирање на гроздови со посебен квалитет во текот на бербата;
- "Избор на зрна", доколку се врши одбирање на зрна од гроздовите со посебен квалитет во текот на бербата.
- "Ограничена серија" за ограничена серија на вино со посебни подобрени карактеристики од постоечката серија кои производителот може да ги докаже.
- "Специјална серија" за специјална серија на вино со посебни подобрени карактеристики од постоечката серија кои производителот може да ги докаже.
- "Приватна серија" за приватна серија на вино со посебни подобрени карактеристики од постоечката серија кои производителот може да ги докаже.
- "Ботритицирано вино" доколку виното е добиено од грозје нападнато од благородно гниење(Botrytis cinerea) и
- "Сопствена берба" доколку виното е добиено од грозје целосно набрано од сопствени лозови насади.

**Други описни податоци**

Член 23

Етикетата на виното може да содржи и други описни податоци во врска со:

- местото и традицијата на производство на виното;
- производителот на виното или
- начинот на чување и консумација на виното.

**Преодни и завршни одредби**

Член 24

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот за формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата на винто („Службен весник на Република Македонија бр. 94/07).

Член 25

Одредбите на овој правилник ке престанат да важат по приемот на Република Македонија во Европска Унија.

Член 26

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 08-4696/4
19 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски** , с.р

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**2547.**

Врз основа на член 20 став 4 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македенија“ бр. 33/06, 63/07, 24/11 и 51/11), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАДИО ОПРЕМА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ТЕРМИНАЛНА ОПРЕМА**

Член 1

Во Правилникот за радио опрема и телекомуникациска терминална опрема („Службен весник на Република Македонија“ број 170/2010), во членот 21 ставот (2) се менува и гласи :

„Во случај од став (1) на овој член, по избор, производителот или неговиот овластен застапник треба да обезбеди потврда за сообразност за производите од нотифицирано тело во Европска Унија или од овластено тело регистрирано во Република Македонија, согласно постапките за оцена на сообразност утврдени со одредбите од овој правилник.“

Член 2

Во членот 22 ставот (1) се менува и гласи :

„До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, или до влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразност со Европската унија или до влегувањето во сила на соодветен билатерален договор за меѓусебно признавање на документи, секоја радио опрема и телекомуникациска терминална опрема која се увезува и која се пушта на пазар во Република Македонија, треба да поседува потврда од нотифицирано тело во Европска Унија или од овластено тело регистрирано во Република Македонија, за производите за кои треба да се докаже дека се исполнети суштествените барања за означување на СЕ знакот за сообразност согласно овој правилник“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-9330/1
28 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиевски,** с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

**2548.**

Врз основа на член 171-б став 2 и став 9 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07 и 18/11), министерот за култура, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење евиденција за спроведената едукација.

Член 2

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за културно наследство ќе констатира сторена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, на лицето или субјектот му врачува покана за едукација.

Поканата од ставот 1 на овој член се доставува лично на лицето или субјектот што се повикува на едукација.

Инспекторот за културно наследство треба да обезбеди уреден доказ дека лицето или субјектот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата од ставот 1 на овој член.

Поканата од ставот 1 на овој член се печати на хартија со бела боја на А4 формат во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата; архивски број и датум на издавање;
- наслов: „Покана за спроведување на едукација“;
- податоци за субјектот (назив и седиште);
- податоци за лицето кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во субјектот);
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата;
- име и презиме на инспекторот за културно наследство;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање на поканата;
- Забелешка: Согласно со член 171-б став 5 од Законот за за заштита на културното наследство, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
- матичен печат.

Член 3

Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, преку инспекторот за културно наследство кој го извршил инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот за културно наследство кој го извршил инспекцискиот надзор, од оправдани причини не е во можност да ја спроведе едукација, директорот на Управа за заштита на културното наследство ќе определи друг инспектор да ја спроведе едукацијата.

Едукацијата се врши во просториите на Министерството за култура.

По исклучок, едукацијата може да се врши во деловните простории на субјектите во коишто при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилност во примената на законот.

Член 4

Едукацијата може да се спореведе за повеќе утврдени или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

За спроведената едукација се составува записник кој содржи:

-назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- име и презиме на лицето кои се повикува на едукацијата;
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распореден во субјектот;
- време; датум и место кога се спроведува постапката за едукација;
- име и презиме на инспекторот за културно наследство;
- укажување на одредбата во која е утврдена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, за која се спреведува едукација и на мерките кои следат доколку не се отстрани неправилноста во дадениот рок.

Член 5

Едукацијата се врши два пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 6

Образецот на поканата за едукација е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Евиденцијата за спроведената едукација се води рачно во книги за евиденција при Управата за заштита на културното наследство.

Член 8

Книгата за евиденција за спроведената едукација се води според образец бр. 1 што ги содржи следните рубрики:

1. Реден број;
2. Дата на запишување во книгата за евиденција;
3. Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација;
4. Назив и седиште на субјектот;
5. кратко означување на предметот на едукацијата;
6. Забелешка.

Образецот бр. 1 е даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Книгата за евиденција за спроведената едукација се состои од 100 страници поврзани во книга со тврд повез со димензии 29,5 x 42,0 см.

На предната страница на книгата за евиденција за спроведената едукација, во левиот горен агол е отпечатено "Република Македонија, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство– Скопје", а во средината "Книга за евиденција за спроведената едукација ".

Секоја страница од книгата за евиденција за спроведената едукација има свој број.

Пред почетокот на водењето на книгата за евиденција за спроведената едукација, на последната страница се забележува вкупниот број страници што таа ги содржи.

Книгата за евиденција за спроведената едукација се заверува со печат на Управата за заштита на културното наследство и со потпис на директорот на Управата за заштита на културното наследство .

Член 10

По завршувањето на книгата за евиденција за спроведената едукација се отвораат нови книги за евиденција што започнуваат со регистарски број 1, со тоа што првата книга за евиденција се означува со римски број I, втората со римски број II итн.

Член 11

При внесувањето на податоците во книгата за евиденција за спроведената едукација не може да се прави скратување, бришење, прецртување или исправка на внесените податоци.

Евентуалните промени се внесуваат под нов реден број со напомена во местото за забелешка за извршената измена.

Член 12

Податоците од книгата за евиденција за спроведената едукација се обработуваат и се водат и компјутерски.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-9526/1
26 јули 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Елизабета Канческа Милевска,** с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
-Управа за заштита на културното наследство
Бр.________________ од ____________20____година

## ПОКАНА
## за спроведување на едукација

**1. Податоци за субјектот**
Назив и седиште________________________________________________

**2. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**
Име и презиме_________________________________________________
ЕМБГ_________________________________________________________
Адреса на живеење_____________________________________________
Функција што ја врши во субјектот_______________________________

Министерството за култура ќе спроведе едукација во ________часот, на ден________ година, во просториите на ______________________, лоцирани на ул.________________________________.

Предмет на поканата е:__________________________________________
______________________________________________________________.

Име и презиме на инспекторот
за културно наследство
______________________

Име и презиме на лицето кое се
повикува на едукација
__________________________

Место и датум на издавање
__________________________

**Забелешка:** Согласно со член 171-б став 5 од Законот за заштита на културното наследство, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена

МП

**Прилог бр. :2**

Република Македонија
Министерство за култура
Управа за заштита на културното наследство
Скопје

# КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Образец број 1

КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

| Ред. број | Дата на запишување во книгата за евиденција | Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација | Назив и седиште на субјектот | Кратко означување на предметот на едукацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**2549.**

Врз основа на член 16-а став 2 и став 9 од Законот за задолжителен примерок („Службен весник на Република Македонија” бр. 11/94; 92/08 и 47/11), министерот за култура донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење евиденција за спроведената едукација.

Член 2

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за култура ќе констатира сторена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, на лицето или субјектот му врачува покана за едукација.

Поканата од ставот 1 на овој член се доставува лично на лицето или субјектот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека лицето или субјектот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата од ставот 1 на овој член.

Поканата од ставот 1 на овој член се печати на хартија со бела боја на А4 формат во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата; архивски број и датум на издавање;
- наслов: „Покана за спроведување на едукација“;
- податоци за субјектот (назив и седиште);
- податоци за лицето кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во субјектот),
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата;
- име и презиме на инспекторот за култура;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање на поканата;
- Забелешка: Согласно со член 16-а став 5 од Законот за задолжителен примерок, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
- матичен печат.

Член 3

Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за култура, преку инспекторот за култура кој го извршил инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор, од оправдани причини не е во можност да ја спроведе едукација, министерот за култура ќе определи друг инспектор да ја спроведе едукацијата.

Едукацијата се врши во просториите на Министерството за култура.

По исклучок, едукацијата може да се врши во деловните простории на субјектите во коишто при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилност во примената на законот.

Член 4

Едукацијата може да се спореведе за повеќе утврдени или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

За спроведената едукација се составува записник кој содржи:

-назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- име и презиме на лицето кои се повикува на едукацијата;
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распореден во субјектот;
- време; датум и место кога се спроведува постапката за едукација;
- име и презиме на инспекторот за култура;
- укажување на одредбата во која е утврдена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, за која се спреведува едукација и на мерките кои следат доколку не се отстрани неправилноста во дадениот рок.

Член 5

Едукацијата се врши два пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 6

Образецот на поканата за едукација е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Евиденцијата за спроведената едукација се води рачно во книги за евиденција при Министерството за култура.

Член 8

Книгата за евиденција за спроведената едукација се води според образец бр. 1 што ги содржи следните рубрики:

1. Реден број;
2. Дата на запишување во книгата за евиденција;
3. Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација;
4. Назив и седиште на субјектот;
5. кратко означување на предметот на едукацијата;
6. Забелешка.

Образецот бр. 1 е даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Книгата за евиденција за спроведената едукација се состои од 100 страници поврзани во книга со тврд повез со димензии 29,5 х 42,0 см.

На предната страница на книгата за евиденција за спроведената едукација, во левиот горен агол е отпечатено "Република Македонија, Министерство за култура – Скопје", а во средината "Книга за евиденција за спроведената едукација ".

Секоја страница од книгата за евиденција за спроведената едукација има свој број.

Пред почетокот на водењето на книгата за евиденција за спроведената едукација, на последната страница се забележува вкупниот број страници што таа ги содржи.

Книгата за евиденција за спроведената едукација се заверува со печат на Министерството за култура и со потпис на министерот за култура.

Член 10

По завршувањето на книгата за евиденција за спроведената едукација се отвораат нови книги за евиденција што започнуваат со регистарски број 1, со тоа што првата книга за евиденција се означува со римски број I, втората со римски број II итн.

Член 11

При внесувањето на податоците во книгата за евиденција за спроведената едукација не може да се прави скратување, бришење, прецртување или исправка на внесените податоци.

Евентуалните промени се внесуваат под нов реден број со напомена во местото за забелешка за извршената измена.

Член 12

Податоците од книгата за евиденција за спроведената едукација се обработуваат и се водат и компјутерски.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-9527/1
26 јули 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Елизабета Канческа Милевска,** с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**Бр.________________ од ____________20____година**

## ПОКАНА
## за спроведување на едукација

**1. Податоци за субјектот**

Назив и седиште_____________________________________________________

**2. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**

Име и презиме_______________________________________________________

ЕМБГ______________________________________________________________

Адреса на живеење___________________________________________________

Функција што ја врши во субјектот_____________________________________

Министерството за култура ќе спроведе едукација во ________часот, на ден________ година, во просториите на _______________________, лоцирани на ул.______________________________.

Предмет на поканата е:_______________________________________________
__________________________________________________________________.

Име и презиме на инспекторот
за култура
______________________

Име и презиме на лицето кое се
повикува на едукација
__________________________

Место и датум на издавање
___________________________

**Забелешка:** Согласно со член 16-а став 5 од Законот за задолжителен примерок, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена

МП

Прилог бр. :2

Република Македонија
Министерство за култура
Скопје

# КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Образец број 1

КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

| Ред. број | Дата на запишување во книгата за евиденција | Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација | Назив и седиште на субјектот | Кратко означување на предметот на едукацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**2550.**

Врз основа на член 41-а став 2 и став 9 од Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08; 47/11 и 51/11), министерот за култура донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење евиденција за спроведената едукација.

Член 2

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за култура ќе констатира сторена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, на лицето или субјектот му врачува покана за едукација.

Поканата од ставот 1 на овој член се доставува лично на лицето или субјектот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека лицето или субјектот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата од ставот 1 на овој член.

Поканата од ставот 1 на овој член се печати на хартија со бела боја на А4 формат во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата; архивски број и датум на издавање;
- наслов: „Покана за спроведување на едукација“;
- податоци за субјектот (назив и седиште);
- податоци за лицето кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во субјектот),
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата;
- име и презиме на инспекторот за култура;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање на поканата;
- Забелешка: Согласно со член 41-а став 5 од Законот за аудиовизуелните добра, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
- матичен печат.

Член 3

Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за култура, преку инспекторот за култура кој го извршил инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор, од оправдани причини не е во можност да ја спроведе едукација, министерот за култура ќе определи друг инспектор да ја спроведе едукацијата.

Едукацијата се врши во просториите на Министерството за култура.

По исклучок, едукацијата може да се врши во деловните простории на субјектите во коишто при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилност во примената на законот.

Член 4

Едукацијата може да се спореведе за повеќе утврдени или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

За спроведената едукација се составува записник кој содржи:

-назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- име и презиме на лицето кои се повикува на едукацијата;
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распореден во субјектот;
- време; датум и место кога се спроведува постапката за едукација;
- име и презиме на инспекторот за култура;
- укажување на одредбата во која е утврдена неправилност за прекршок проценет со незначителна опасност, за која се спреведува едукација и на мерките кои следат доколку не се отстрани неправилноста во дадениот рок.

Член 5

Едукацијата се врши два пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 6

Образецот на поканата за едукација е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Евиденцијата за спроведената едукација се води рачно во книги за евиденција при Министерството за култура.

Член 8

Книгата за евиденција за спроведената едукација се води според образец бр. 1 што ги содржи следните рубрики:

1. Реден број;
2. Дата на запишување во книгата за евиденција;
3. Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација;
4. Назив и седиште на субјектот;
5. кратко означување на предметот на едукацијата;
6. Забелешка.

Образецот бр. 1 е даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Книгата за евиденција за спроведената едукација се состои од 100 страници поврзани во книга со тврд повез со димензии 29,5 х 42,0 см.

На предната страница на книгата за евиденција за спроведената едукација, во левиот горен агол е отпечатено "Република Македонија, Министерство за култура – Скопје", а во средината "Книга за евиденција за спроведената едукација ".

Секоја страница од книгата за евиденција за спроведената едукација има свој број.

Пред почетокот на водењето на книгата за евиденција за спроведената едукација, на последната страница се забележува вкупниот број страници што таа ги содржи.

Книгата за евиденција за спроведената едукација се заверува со печат на Министерството за култура и со потпис на министерот за култура.

Член 10

По завршувањето на книгата за евиденција за спроведената едукација се отвораат нови книги за евиденција што започнуваат со регистарски број 1, со тоа што првата книга за евиденција се означува со римски број I, втората со римски број II итн.

Член 11

При внесувањето на податоците во книгата за евиденција за спроведената едукација не може да се прави скратување, бришење, прецртување или исправка на внесените податоци.

Евентуалните промени се внесуваат под нов реден број со напомена во местото за забелешка за извршената измена.

Член 12

Податоците од книгата за евиденција за спроведената едукација се обработуваат и се водат и компјутерски.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-9528/1
26 јули 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Елизабета Канческа Милевска,** с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Бр.________________ од ____________20____година

## ПОКАНА
## за спроведување на едукација

**1. Податоци за субјектот**

Назив и седиште________________________________________________________

**2. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**

Име и презиме_________________________________________________________

ЕМБГ_________________________________________________________________

Адреса на живеење_____________________________________________________

Функција што ја врши во субјектот_________________________________________

Министерството за култура ќе спроведе едукација во ________часот, на ден________ година, во просториите на ______________________, лоцирани на ул._________________________________.

Предмет на поканата е:_________________________________________________

_____________________________________________________________________.

Име и презиме на инспекторот за култура

______________________

Име и презиме на лицето кое се повикува на едукација

__________________________

Место и датум на издавање

___________________________

**Забелешка:** Согласно со член 41-а став 5 од Законот за аудиовизуелните добра, доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена

**МП**

**Прилог бр. :2**

Република Македонија
Министерство за култура
Скопје

# КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Образец број 1

КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

| Ред. број | Дата на запишување во книгата за евиденција | Име и презиме на лицето кое било повикано на едукација | Назив и седиште на субјектот | Кратко означување на предметот на едукацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

**2551.**

Врз основа на член 129 ставови (2) и (9) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10 и 53/2011) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

**Предмет**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење евиденција за спроведена едукација.

Член 2

**Покана за едукација**

(1) На физичкото или правното лице кое се повикува на едукација му се врачува покана на образец со формат А4 кој е даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на поканата за едукација од ставот (1) на овој член содржи:

- грб на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата,
- назив на поканата,

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во тоа правно лице),
2. Податоци за правното лице (назив и седиште),

- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата,
- кратко означување на предметот на поканата и одредбата за која е направена неправилноста,
- име и презиме на официјалниот ветеринар, односно државниот инспектор за храна,
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација,
- место и датум на издавање на поканата и
- матичен печат.

Член 3

**Постапка за едукација**

(1) Едукацијата ја организира и спроведува Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, преку официјалните ветеринари, односно државните инспектори за храна.

(2) Едукацијата се врши во просториите на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во Скопје или во просториите на подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

(3) По исклучок на став (2) од овој член едукацијата може да се врши во деловните простории на правните лица во кои при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилност или на друго соодветно место определно од официјалниот ветеринар, односно државниот инспектор за храна.

(4) Едукацијата се врши три пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 4

**Записник**

За спроведената едукација официјалните ветеринари, односно државните инспектори за храна составуваат записник.

Член 5

**Евиденција за спроведената едукација**

(1) За спроведената едукација Агенцијата за храна и ветеринарство води евиденција во електронска форма, која е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Евиденцијата за спроведената едукација содржи:

- реден број;
- број и датум на поканата за едукација;
- име на оператор со храна;
- датум и место на едукацијата;
- инспектор кој ја спроведувал едукацијата;
- опис на прекршокот;
- превземени мерки по спроведената едукација.

Член 6

**Престанок на важење**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи.

Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација и начинот на спроведување на едукацијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/11).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02 - 2037/4
22 јули 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за храна и ветеринарство**

## ПОКАНА
за спроведување на едукација

1.Податоци за лицето кое се повикува на едукација

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса на живеење | |
| Функција што ја врши во правното лице | |

2. Податоци за правното лице

Назив и седиште________________________________________________________

____________________________________________________________________

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе спроведе едулација во___часот, на ден __________година, во просториите на __________, лоциран на ул._______________.

Предмет на поканата е

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Име и презиме на
официјален ветеринар
/државен инспектор за храна

____________________________

Место и датум на издавање

__________________________

Име и презиме на лицето кое се повикува на едукација

________________________________

**М.П.**

**Прилог 2**

| Реден број | Број и датум на поканата за едукација | Име на оператор со храна | Датум и место на едукацијата | Инспектор кој ја спроведувал едукацијата | Опис на прекршокот | Превземени мерки по спроведената едукација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**2552.**

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010 и 47/2011) Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ
### НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2011 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари - јули 2011 година, во однос на просечните цени на мало во 2010 година, е повисок за 3,8%.

Директор,
м-р **Благица Новковска,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011106